**Subject:** Придонес на Фондација Метаморфозис кон подготовка на Акцискиот план на Партнерство за отворена локална власт 2024 - 2028 во Општина Кисела Вода
**From:** Mila Josifovska Danilovska <mila@metamorphosis.org.mk>
**Date:** Thu, 10/31/2024 02:38 PM
**To:** "contact@kiselavoda.gov.mk" <contact@kiselavoda.gov.mk>
**Cc:** Danche Danilovska-Bajdevska <Danche@metamorphosis.org.mk>, Marijana Janceska <marijana@metamorphosis.org.mk>

Почитувани,

Најпрвин Ви благодариме на поканата за учество на денешниот работен состанок за Партнерство за отворена локална власт 2024 – 2028 во Општина Кисела Вода.

Во име на Фондација за интернет и општество Метаморфозис, во продолжение ви го споделувам нашиот **придонес** во областите **транспарентност** и **дигитално учество** со надеж дека ќе ви помогне при креирањето на првиот Акциски план во рамки на Партнерството за отворена локална власт.

1. Процената на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Република Северна Македонија преку Индексот на отвореност (2024) претставува сеопфатна анализа чија цел е да го утврди степенот до кој се почитуваат начелата на доброто владеење на локално ниво, односно начелата на транспарентност, свесност, пристапност и интегритет, со заеднички домен присутен во сите четири начела – отворени податоци.

   Врз основа на направената процена, дадени се **препораки** за подобрување на работењето на ЕЛС во областите што се опфатени со истражувањето. Прилог 1 кој е достапен на крај на Процената ги содржи сите **139 индикатори** по кои е правено истражувањето и по кои истото ќе биде повторено во 2025 година.

   Во насока на **отворени податоци**, во продолжение споделувам линкови до едукативни материјали кои може да ви послужат за зголемување на внатрешните капацитети во овој домен:

   - 10 видео лекции за отворени податоци
   - Водич – Тактичко ангажирање на податоци

2. Како што најавив на состанокот, Фондација Метаморфозис има изготвено **Листа за самоевалуација на отвореноста на локалната самоуправа** која ќе ја промовираме преку 4 онлајн средби со ЕЛС во ноември 2024 год. Средбата со ЕЛС од Скопскиот плански регион е начелно планирана за 22.11.2024 година и се надеваме дека ќе можете да учествувате на истата.

   Листата, проследена со упатство за пополнување, претставува инструмент преку кој ЕЛС самостојно ќе може да ја самооценуваат својата отвореност, што ќе им овозможи полесно и постојано следење и детектирање на нивните слабости и

недостатоци, како и добивање појасна слика за проактивната транспарентност и нејзината улога во доброто владеење.

3. Анализата на е-услугите во општините во Република Северна Македонија (2023) ги анализира општинските е-услуги од аспект на нивниот квалитет, задоволството на корисниците од нив, достапноста до е-услугите на локално ниво и евентуалниот јаз помеѓу актуелната понуда и фактичката побарувачка за општински е-услуги. За таа цел општинските е-услуги се анализирани од аспект на три категории на функционалност: транспарентност и отчетност; комуникација; и одобренија, дозволи и други услуги.

Анализата е проследена со сет на **препораки** за унапредување на испораката на општинските е-услуги, Прилог 1 кој ја отсликува методологијата на истражувањето со сите **индикатори**, и Прилог 2 кој дава листа на е-услуги што за време на истражувањето општините ги испорачувале на своите граѓани како нецелосни, неажурни, неточни, нередовно или со грешки.

Во насока на заштита на личните податоци и правото на приватност, особено во процесите на креирање и испорака на е-услуги, во продолжение споделувам водичи кои се надевам ќе ви бидат од корист:

- Методологија за проценка на влијанието на заштитата на личните податоци за јавните услуги што се во процес на дигитализација
- Водич за офицери за заштита на лични податоци во јавни институции

Дополнително, би сакала да Ве информирам за проектот „(ДИГИЛОК) Дигитална трансформација на локално ниво – Вклучена заедница за отпорност на корупција“ кој го спроведуваме со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, на кој една од целите е активно вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки преку иновативни дигитални алатки. Дел од овој проект се и горенаведените Процена на доброто владеење во ЕЛС и Листата за самоевалуација на отвореноста на локалната самоуправа.

Ви посакуваме успешна работа, и останауваме на располагање за можни консултации.

Срдечен поздрав,
Мила Јосифовска Даниловска

**Mila Josifovska Danilovska**
*Programme manager*
Metamorphosis Foundation
Mobile: +389 71 385 497

Web: www.metamorphosis.org.mk
E-mail: mila@metamorphosis.org.mk

Please consider the environment before printing this email.